ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

СТРУЧНО-ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

**БРОЈ 16 ГОДИНА 32 ДАТА 21.04.2014 ГОДИНА**

## СОДРЖИНА


***- ПРИСТИГНАТИ БАРАЊА ОД ОФС***

***- ОДЛУКИ ОД ОРГАНИТЕ НА ФФМ***




**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ГОСТИВАР**
**Седница од 18.04.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ГОСТИВАРИ" Гостивар: Трифуноски И. Виктор и Фејзулаи Џ. Таулант, по чл. 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "ГАЗИ БАБА" СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 17.04.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "РАБОТНИЧКИ АД" Скопје: Тодоровски Д. Драган, по член 35/1.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС "Гази Баба" Скопје фудбалерот Мемеди С. Шемседин од ФК "Металург АД" Скопје, поради преминување со регистрција на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ "КИСЕЛА ВОДА" СКОПЈЕ**
**Седница одржана на ден 18.04.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "ССК МЛАДИНЕЦ" Драчево: Реџеповски А. Невзат, Танчевски С. Стефан и Блажевски Д. Андреј, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ БИТОЛА**
**Седница од 17.04.2014 година**

*** Раскин на професионален договор:**

ФК "Пелистер АД" Битола и фудбалерот Демич С. Риад го раскинаа договорот за професионално занимавање со фудбал број 245/2013, објавен во "Макфудбал" број 31/2013 година.

*** Бришење од регистер:**

Се брише од евиденција на регистрирани фудбалери при ОФС Битола фудбалерот Демич С. Риад од ФК "Пелистер АД" Битола поради преминување со регистрација на теритиорија на друг Општински фудбалски сојуз.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ КУМАНОВО**
**Седница од 17.04.2014 година**

*** Регистрција на фудбалери:**

ФК "БОРЕЦ" с. Горно Којнаре: Спасовски Даниел, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СТРУГА**
**Седница од 17.04.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "КАРАОРМАН" Струга: Ќазимоски Мустафа и Ќазимоски Аднан, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ СКОПЈЕ**
**Седница од 17.04.2014 година**

*** Регистрција на фудбалери:**

ФК "ЊУ СТАРС" Скопје: Чефиов А. Даријан, Крстевски И. Ненад, Андонов З. Стефан, по член 35/1.

ФК "ЛЕПЕНЕЦ ГОСТ" с. Бардовци: Јовановски Стефан и Славески Горјан, по чл. 35/1.
Здравевски З. Горјан од ФК "Волково 1964" од с. Волково, по член 35/4.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ШТИП**
**Седница од 17.04.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "БРЕГАЛНИЦА 2008 АД" Штип: Карашов Г. Душан, по член 35/1.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ НЕГОТИНО**
**Седница од 17.04.2014 година**

*** Регистрација на фудбалери:**

ГФК "НЕГОТИНО" Неготино: Јовановиќ Е. Стефан, по член 35/1.

ФК "ПОЛЕТ" с. Тремник: Јовановиќ Т. Јоцо, Манојловиќ Љ. Горан, Јовановиќ С. Влатко, Јачев Д. Виктор, Атанасијевиќ Д. Славе, Јовановски Ѓ. Љупчо, Балтов В. Богдан, Зејнелов С. Селман, Зејнелов А. Алмир, Велиновиќ Г. Филип и Сами Р. Рустемов од ФК "Полет" с. Тремник, по член 35/2.

Цветковски С.Николче, Јачев Ж.Лазе, Велиновиќ В.Дарко, Балтов М.Боби,Балтов Р. Ѓорѓи, Шерифов М. Сенад, по член 35/1.

ФК "ВЕНЕЦ" с. Долни Дисан: Станоев Д. Филип, Лалев Љ. Душко, Донев А. Жарко, Шишков Ѓ. Влатко, Тодорчев Ж. Стојанчо, Крстев Д. Илија, Лембов Р. Марјан, Ристов Ј. Влатко од ФК "Венец" с. Долни Дисан, по член 35/2.

Лазов Ѓ. Никола, Илиев Т. Марјанчо, Трајков Ќ. Александар, Шишков С. Ѓорѓи, чл. 35/1.

*** <u>Регистрции кои не се објавуваат:</u>**

Не се објавува регистрацијата на фдубалерот Јовановски Ѓ. Даниел за ФК "Полет" од с. Тремник по член 35/1, бидејќи нема доставено матријал за регистрација на фудбалерот, пријава за регистрација и документ за идентификација.

Не се објавува регистрацијата на фудбалерот Цветков Д. Горан за ФК "Венец" од с. Долни Дисан по член 35/2, бидејќи има доставено стар извод од СФРЈ, треба извод од родените или фотокопие од лична карта или пасош од РМ.

**ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ ТЕТОВО**
**Седница од 17.04.2014 година**

*** Регистрација на фудбалски клуб:**

Се регистрира фудбалски клуб "Мергимтари" од с. Стримница, согласно Решението на Централниот регистер на Република Македонија ЕМБС 6946585 од 15.04.2014 година, со седиште на улица "101" број 11 с. Стрмница -Желино.

*** Регистрација на фудбалери:**

ФК "МЕРГИМТАРИ" с. Стримница: Незири Н. Берат, Сеадини Г. Арлинд, Саити Ј. Омер, Нафи Н. Вулнет, Бакија А. Аган, Рушити Б. Илас, Алили Н. Арбен, Саити И. Бесар, Сулејмани Б. Бесир, Алили Е. Омедр, Сахити Е. Мумин, Сеадини В. Серхан, Рушити Ќ. Амир, Исеини С. Ајет, Салаи А. Анес, Ферати А. Фатлинд, Салахи Б. Осман, Кадрии З. Енес, Хасани В. Есрин, Алили И. Ријад, Исени С. Менсур и Синани К. Адис, по член 35/1.

ФК "РЕНОВА АД" с. Џепчиште: Реџепи Д. Луфтим, по член 35/1.

ФК "БЕСА" с. Н. Челопек: Лимани Ф. Сеад, по член 35/1.

ФК "ПИРОК" с. Пирок: Куртиши Н. Ленарт и Љазими Џ. Зани од ФК "Дрита" с. Боговиње, по член 36/1.

Хамиди А. Јетон, по член 35/1.

ФК "СКЕНДЕРБЕУ" с. Порој: Јонузи Р. Баки, по член 35/1.

ФК "ДАРДАНЕТ" Тетово: Сулејмани М. Адем, Ходаи Д. Бурим, Арифи Ф. Еугент, Идризи А. Неби и Ибиши Б. Таулант, по член 35/1.

*** Бришење од регистер:**

Се бришат од евиденција на регистрирани фудбалери при Општинскиот фудбалски сојуз Тетово, фудбалерите: Реџепи Н. Шаќир од ФК "Шкендија АД" од Тетово и Зибери А. Рамадан од ФК "Дарданет" од Тетово, поради преминување со регистрација на територија на друг Општински фудбалски сојуз.

Врз основа на член 58 став 4 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 15.04.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Комитетот за итност на ФФМ на седниците одржани на ден 14.03.2014 година, 31.03.2014 година и 10.04.2014 година:
   - број 0203-734/1 од 14.03.2014
   - број 0203-734/2 од 14.03.2014

   - број 0203-876/1 од 31.03.2014
   - број 0203-876/2 од 31.03.2014

   - број 0203-995/1-1 од 10.04.2014

2. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ Макфудбал.

## Образложение

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година ги разгледа и потврди одлуките на Комитетот за итност неопходно донесени помеѓу две седници на Управниот одбор.

**Претседател,**
Илчо Ѓоргиоски

Деловоден број 0202-1008/1-2

Управен одбор 2014 година

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На клубовите кои учествуваат во организираниот систем на натпревари на ФФМ во машка или женска конкуренција со сениорска или екипа од млади категории не им е дозволено регистрирање на фудбалери во последните 7(седум) кола од тековното натпреварување освен по член 35 став 1 точка 1 од Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.
2. Правилото од точка 1 се применува и на клубовите од мал фудбал.
3. Исклучок од правилото наведено во точка 1 на оваа одлука се:

- клубовите кои се натпреваруваат во општинските лиги на кои не им се дозволува регистрирање на фудбалери освен по член 35 став 1 точка 1 од Правилникот за регистрации, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ по изминување на 50% од предвидениот број на натпревари во пролетниот дел согласно распоредот на натпреварување во општинската лига.
- клубовите кои се натпреваруваат само со екипа во детската лига

4. Одлуката стапува на сила веднаш по усвојување на седницата на Управниот одбор на ФФМ
5. Со стапување на сила на оваа одлука престанува да важи одлуката бр.02-346 од 08.04.2011 година.
6. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ во насока на одржување на регуларност во натпреварувањето и соодветно застапување на правилото за забрана на регистрирање на фудбалери во општинските лиги, донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1008/1-4

Управен одбор на ФФМ

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ (пречистен текст, Макфудбал вб.19 од 19.09.2012 година), Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се утврдува највисокиот износ на такси кои Општинскиот фудбалски сојуз (ОФС) членка на ФФМ може да ги наплати во рамките на надлежноста утврдена во статутот на ОФС и ФФМ.

2. Највисокиот износ по категории на услуга за ОФС изнесува:

а) за регистрација на клуб во

| | износ |
|---|---|
| фудбал (машка конкуренција) 11/11 | 1200 |
| Женски фудбал 11/11 | 1000 |
| Мал фудбал 5/5 | 1000 |
| Детски фудбал | 800 |

б) за регистрација на фудбалери

| | Прва лига | Втора лига | Трета лига | Општинска |
|---|---|---|---|---|
| постари од 21 г. | 1200 | 1000 | 800 | 600 |
| на возраст од 18-21г | 1000 | 800 | 600 | 500 |
| на возраст од 15-18 г. | 600 | 500 | 400 | 300 |
| на возраст од 12-15 г. | 400 | 400 | 300 | 300 |
| на возраст од 7-12 г. | 300 | 200 | 100 | 50 |
| Женски фудбал | 800 | | | |
| Мал фудбал | 800 | 600 | | |

в) за потврда за бришење од регистар на фудбалери ( брисовница)

| | |
|---|---|
| на возраст од 7-15 г. | 1000 |
| постари од 15 години | 1600 |

г) за склучување и раскинување на договори

| | Прва лига | Втора лига | Трета лига |
|---|---|---|---|
| стипендиски | 1000 | 800 | 600 |
| професионални | 1200 | | |

д) за останати потврди ,
во висина до 600,00 денари

Деловоден број 0202-1008/1-3

ѓ) за спортски легитимации за сите категории
во висина до утврдената цена на ФФМ зголемена за 100 %.

е) за годишна членарина на клубови

| | износ |
|---|---|
| од Прва лига | 1200 |
| од Втора лига | 1000 |
| од Трета лига | 800 |
| од општинска лига | 500 |
| Женски фудбал | 800 |
| Мал фудбал | 800 |
| Детски фудбал | 500 |

ж) за годишна членарина на фудбалери, судии, тренери

| | Прва лига | Втора лига | Трета лига | Општинска |
|---|---|---|---|---|
| постари од 21 г. | 300 | 200 | 150 | 50 |
| на возраст од 18-21г | 200 | 150 | 100 | 50 |
| на возраст од 15-18 г. | 150 | 100 | 50 | 50 |
| на возраст од 12-15 г. | 100 | 50 | 50 | 50 |
| на возраст од 7-12 г. | 50 | 50 | 50 | 50 |
| Женски фудбал | 150 | | | |
| Мал фудбал | 150 | 100 | | |
| судии | 2000 | 1500 | 800 | 500 |
| тренери | 1500 | 1000 | 800 | 300 |

з) за такса за жалба

| | |
|---|---|
| такса за жалба во прв степен | 1600 |
| такса за жалба во втор степен | 3000 |

3. Се утврдува највисокиот износ на такса за жалба која органите на **Третата** лига може да ја побаруваат во рамките на надлежноста утврдена во актите на ФФМ.

| | |
|---|---|
| такса за жалба во прв степен | 3000 |
| такса за жалба во втор степен | 6000 |

4. Се утврдува правото на подносителот на жалбата да поднесе барање за поврат на средства уплатени по основ – такса за жалба во ОФС односно Трета лига, во следните случаи:

- доколку второстепениот орган на ОФС, Трета лига ја усвои жалбата на подносителот во целост.
- доколку Управниот одбор на ФФМ постапува по Барање за заштита на правилникот и донесе одлука со која ќе го уважи барањето. Обврската за поврат на средствата уплатени како такса за поднесување на барање за заштита на правилникот ја има органот на ОФС /Трета лига со чија одлука е направена повреда на правилникот.

5. Одлуката стапува на сила веднаш по усвојување на седницата на Управниот одбор на ФФМ.

6. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година постапуваше по доставените предлози на општинските фудбалски сојузи за утврдување на највисоки износи кои општинските фудбалски сојузи можат да ги наплатуваат за поедини категории на услуги во рамките на својата надлежност.По разгледување на доставените предлози Управниот одбор донесе одлука со која ги утврди највисоките износи кои општинските фудбалски сојузи можат да ги наплатуваат за поедини категории на услуги како во диспозитивот.

Претседател
Илчо Ѓорѓиоски

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се утврдува обврска за изготвување на детски фудбалски пасош за фудбалери на возраст од 7 (седум) до 12 (дванасесет) години.
2. Детскиот фудбалскиот пасош на фудбалерите од точка 1 на оваа одлука има важност на територија на Р.Македонија.
3. Се утврдува правото на клубовите кои учествувале во тренажниот процес на фудбалерите од 7 (седум) до 12 (дванасесет)години, на надоместок за тренинг во следните случаи:

   - при склучување на првиот професионален договор на фудбалерот со странски клуб од кој произлегуваат права за тренинг компензација во висина од најмногу 5% од средствата кои домашниот клуб ги добива од странскиот клуб.

   - при спогодбен раскин на професионален договор склучен помеѓу фудбалерот и странскиот клуб од кој произлегува обврска на новиот клуб за исплата на средства по основ механизам за солидарност, во висина од најмногу 5%, од средствата кои домашниот клуб ги добива од странскиот клуб.
4. Клубовите кои примаат средства од странски клубови по основот утврден во точка 3 на оваа одлука имаат обврска да постапат согласно пасошот на фудбалерот од 7-12 години во рок од 30(триесет) дена по добивање на средствата.
5. Во случај на непостапување по точка 4 од оваа одлука, клубот барател има право да упати барање до Комисијата за статус на фудбалери во рок од 2(две) години од моментот на настапување на утврдената обврска.
6. Непочитувањето на оваа одлука претставува дисциплински прекршок.
7. Одлуката стапува на сила веднаш а ќе се применува од летниот преоден рок 2014 година.

Деловоден број 0202-1008/1-6

8. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ во насока на поттикнување на развојот на фудбалот во кој земаат учество најмладите категории фудбалери од 7 (седум) – 12 (дванасесет) години и поддршка на клубовите кои учествуваат во нивниот тренажен процес донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ СКОПЈЕ

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

## за уредување на начинот на пресметка на надоместоци за фудбалери од 7 (седум) – 12 (дванаесет) години

1. Пресметката на утврдените надоместоци со одлука бр.0202-1008/1-6 од 15.04.2014 година кои се исплаќаат на клубовите кои учествувале во тренажниот процес на фудбалерите од 7 (седум) до 12 (дванасесет) години согласно детскиот пасош на фудбалерот се врши на начин што 1% од вкупниот износ од средствата кои домашниот клуб ги добил од странскиот клуб се множи со бројот на години кои фудбалерот ги поминал во клубот до својата 12(дванаесетта) година.
2. Доколку временскиот период кој фудбалерот го поминал во клубот е поголем или помал од една година,

- предвидениот годишен износ се дели на бројот на месеци во годината и се множи со бројот на месеци кои фудбалерот ги поминал во клубот
- преостанатите денови кои изнесуваат повеќе од 15 се сметаат како уште еден месец.

3. Пресметката се врши за периодот кој фудбалерот од точка 1 на оваа одлука го поминал во клубот од летниот преоден рок 2014 и натаму.
4. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со одлуката бр.0202-1008/1-6 со која е утврдено правото на клубовите кои учествуваат во тренажниот процес на фудбалерите од 7 (седум) до 12 (дванасесет) години, на надоместок во висина од најмногу до 5% од средствата кои домашниот клуб ги добива при склучување на првиот професионален договор на фудбалерот со странски клуб од кој произлегуваат права за тренинг компензација како и правото на надоместок од средствата кои домашниот клуб ги добива при спогодбен раскин на професионален договор склучен помеѓу фудбалерот и странскиот клуб по основ механизам за солидарност , Управниот одбор на ФФМ донесе одлука за регулирање на начинот на пресметка на овие средства како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1008/1-6/1

Управен одбор 2014

Врз основа на член 56 став 1 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

1. Се менува и дополнува одлуката за висината на такси и трошоци за пат на службени лица во категоријата репрезентациии и академија и се утврдува висина на такса и патни трошоци на следните категории на службени лица:

| **РЕПРЕЗЕНТАЦИИ МАЖИ** | Главен судија | Помошен судија | Четврт судија | ПАТ |
|---|---|---|---|---|
| Останати млади селекции/меѓународни пријателски | | | 1000 | 15% од км |
| **РЕПРЕЗЕНТАЦИИ ЖЕНИ** | | | | |
| Меѓународни пријател. | | | 1000 | 15% км |
| **РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА РЕГИОНАЛНА- РАТ** | | | | |
| Меѓународни пријател. | | | 1000 | 15% км |
| **АКАДЕМИЈА** | | | | |
| Меѓународни пријател. | | | 600 | 15% км |

2.Оваа одлука стапува на сила веднаш по усвојување на седницата на Управниот одбор.

3.Одлуката да се објави во службено-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал" .

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година на предлог на Судиската комисија на ФФМ ја измени и дополни одлуката на УО бр. 0202-250/1-3 од 06. 02.2014 година и донесе одлука со која се утврди висина на таксата за четврт судија на меѓународни пријателски натпревари како во диспозитивот.

Претседател

Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1008/1-7

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се разрешува претседавачот на Финансовата комисија на ФФМ, Драги Митковски и на негово место се именува Александар Спасевски од Скопје.

2. Одлуката стапува на сила веднаш по усвојување на седницата на Управниот одбор на ФФМ.

3. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година ја констатира оставката на претседавачот на Финансовата комисија на ФФМ поднесена поради презафатеност и одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1008/1-8/3

Управен одбор 2014 година

Врз основа на член 56 став 1 и 2 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. На Комет администраторите на Третите лиги им се определува месечен надоместок во висина од 6000,00(шестилјади) денари.

2. Надоместокот го исплаќа ФФМ за месеците во кои екипите од Третата лига се натпреваруваат согласно календарот на натпреварување на Третите лиги.

3. За месеците во кои натпреварувањето не е во времетраење од цел месец се исплаќа соодветен процентуален надоместок.

4. Се задолжуваат Управните одбори на Третите лиги да доставaт податоци за лицето поставено за Комет администратор на лигата .

5. Одлуката стапува на сила веднаш по усвојување на седницата на Управниот одбор на ФФМ а ќе се применува од натпреварувачката 2014/15 година.

6. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ „Макфудбал"

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 15.04.2014 година на предлог на член на Управниот одбор констатира дека Комет администраторите на ОФС во кои е и седиштето на Третата лига имаат зголемен обем на работа заради потребата од внес на натпреварите и соодветните одлуки во Комет системот. Поради ограничените финансиски ресурси на Третите лиги, за исплата на соодветна надокнада на овие или други ангажирани лица по овој основ ,Управниот одбор на ФФМ го прифати предлогот за определување на соодветен месечен надоместок на Комет администраторите на Третите лиги и донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1008/1-8/4

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број :** 1701 - 1038/1

Врз основа на член 10 од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија, Комесарот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија разгледувајки ги записниците и материјалите 23 коло на Втората лига помеѓу Ф.К. "Зајази" – Зајас и Ф.К. "Тиверија" – Струмица, а во врска со член 59 став 1 од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 15 април 2014 година донесе:

# ОДЛУКА

1. Се суспендира теренот на Ф.К. "Зајази" – Зајас поради физички напад врз главниот судија од страна на неслужбени лица по завршувањето на натпреварот, а врз основа на доставени дополнителни изјави на Делегатот, Судиската четворка и Заменик Претседателот на комисијата за безбедност при ФФМ

2. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ "Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија разгледувајки ги материјалите од 23 коло на Втора МФЛ, за натпреварот: Ф.К. "Зајази" – Зајас и Ф.К. "Тиверија" – Струмица и го констатира следното :

1. Според утврдениот Календар за одигрување на првенствени натпревари на ден 12.04.2014 година (сабота) на стадионот во Кичево се сретнале екипите на Ф.К. "Зајази" – Зајас и Ф.К. "Тиверија" – Струмица.

2. По завршувањето на натпреварот физички бил нападнат главниот судија од страна на неслужбени лица при што истиот е однесен во болница, а по пријава од страна на делегатот, судиската четворка на натпреварот и заменик претседателот на комисијата за безбедност на ФФМ..

Имајки го напред наведеното Комисијата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија со примена на нормативата на Фудбалската Федерација на Македонија донесе одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна од оваа Одлука има право на жалба до Комисијата за молби и жалби на Фудбалската Федерација на Македонија во рок од 3(три) дена од денот на приемот на оваа Одлука преку овој Комисија со уплата на такса од 12.000 денари на жиро сметка на Фудбалска Федерација на Македонија **300000001599760** Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено :

- Ф.К. "Зајази" – Зајас
- Ф.К. "Тиверија" – Струмица
- Макфудбал
- Архива на ФФМ

Скопје

15 април 2014 година

Фудбалска федерација на Македонија
Комисија за натпревари
Претседател
Васко Дојчиновски

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број** 1101-1039/1

Врз основа на член 10 од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија, Комисјата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија поради неоправдано неодиграни натпревари и известувањето доставено од екипата ФК "Руфеја М" – Милетино дека го прекинува натпреварувањето во втора МФЛ, а во врска со член 56 став 5 и член 60 став 3 од Правилникот за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 15 април 2014 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК "Руфеја М" – Милетино се дисквалификува од понатамошното натпреварување во втора лига на Република Македонија под раководство на ФФМ поради неоправдано неодигрување на натпреварот од 22 коло и доставување на известување бр. 17/02 од 10.04.2014 година со кое ја известува Фудбалската Федерација на Македонија (Комисијата за натпревари) дека го прекинува натпреварувањето во втора МФЛ во натпреварувачката 2013-2014 година.
2. ФК "Руфеја М" – Милетино се насочува за натпреварување во натпреварувачката 2014/2015 во најнизок степен на натпревари (општинска лига), а согласно член 56 став 5 од Правилникот за натпревари на ФФМ.
3. Натпреварите кои екипата на ФК "Руфеја М" – Милетино ги одигра во првиот круг на натпревари (есенски дел) од натпреварувачката 2013/2014 година остануваат со постигнатите резултати,а сите негови натпревари одиграни во вториот круг- пролетен дел (16, 17, 18, 19,20,21 коло) од првенството во 2013/2014 година во втора лига ќе се смета како да не ги играл, додека наредните натпревари фудбалскиот клуб кој треба да одигра натпревар со ФК "Руфеја М" – Милетино нема да добива бодови и ќе биде слободен клуб во тоа коло.
4. Добиените опомени и казнени мерки **остануваат да важат** до крајот на првенството за фудбалерите и службените лица кои настапувале за дисквалификуваната екипа и за екипите кои настапувале против дисквалификуваната екипа.
5. Ф.К."Руфеја М" Милетино се предава на Дисциплинска комисија на ФФМ поради неоправдано напуштање на натпреварувањето во втора МФЛ во натпреварувачката 2013-2014 година.
6. Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласил на ФФМ "Макфудбал".

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Комисијата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија разлгедувајќи ги материјалите од 22 коло од Втора МФЛ за натпреварот Ф.К."Руфеја М" Милетино и Ф.К."Силекс" Кратово, како и известувањето број 17/02 од 10.04.2014 година доставено од Ф.К."Руфеја М" од Милетино со кое ја известува Фудбалака федерација на Македонија – Комисијата за натпревари на ФФМ дека го прекинува натпреварувањето во Втора МФЛ во натпреварувачката 2013-2014 година.

Имајки го во предвид погоре наведеното Комисијата за натпревари на Фудбалската Федерација на Македонија со примена на нормативата на Фудбалската Федерација на Македонија донесе одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА:** Незадоволната страна од оваа Одлука има право на жалба до Комисијата за жалби на Фудбалската Федерација на Македонија во рок од 3( три) дена од денот на приемот на оваа Одлука преку оваа комисија со уплата на такса од 12.000 денари на жиро сметка на Фудбалска Федерација на Македонија **300000001599760** Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува и доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено :

- ФК "Руфеја М" – Милетино
- Макфудбал
- Архива на ФФМ

Скопје

15 април 2014 година

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА ФФМ 3 СКОПЈЕ

Фудбалска федерација на Македонија
Комисија за натпревари
Претседател,
Васко Дојчиновски

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **1102-1042/2**
**Втора лига : 2013 – 2014**
Скопје : **16.04.2014 година**

Врз основа на член 18 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 16.04. 2014 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Тетекс" – Тетово се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 23 коло од Втората лига помеѓу: Ф.К. "Тетекс" од Тетово - Ф.К. "Силекс" од Кратово, констатира: Божиновски Боби со ИД број 109372 фудбалер на ФК "Тетекс", исклучен во 90 минута од натпреварот поради недозволен непосреден контакт со противнички фудбалер.

Доставено до :

- ФК "Тетекс" – Тетово
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседател

Васко Дојчиновски с.р.

Фудбалска Федерација на Македонија

Број : 1102-1042/3
Скопје: 16.04.2014

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Божиновски Боби фудбалер на Ф.К."Тетекс"од Тетово врз основа на член 40 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 16.04.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

1 **Божиновски Боби со ИД 109372 фудбалер на Ф.К "Тетекс" –Тетово се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 2 (два) првенствени-куп натпревари.**
2 **Казната тече од 13.04.2014 година.**
3 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 23 коло на Втората лига помеѓу: Ф.К. "Тетекс" (Т) - Ф.К. "Силекс" (К) одигран на ден 12.04.2014 година констатира: Божиновски Боби, фудбалер на ФК "Тетекс" е исклучен во 90 минута од натпреварот поради недозволен непосреден контакт со противнички фудбалер.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Тетекс" (Т)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **1102-1042/4**
**Втора лига : 2013 – 2014**
Скопје : **16.04.2014 година**

Врз основа на член 18 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 16.04. 2014 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Зајази" – Зајас се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 23 коло од Втората лига помеѓу: Ф.К. "Зајази" од Зајас - Ф.К. "Тиверија" од Струмица, констатира: Мирселовски Раиф со ИД број 103404 фудбалер на ФК "Зајази", исклучен во 78 минута од натпреварот поради недозволено спречување на противнички фудбалер во ситуација за постигнување на гол.

Доставено до :

- ФК "Зајази" – Зајас
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ
Претседател
Васко Дојчиновски с.р.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1102-1042/5**
**Скопје: 16.04.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Мирселовски Раиф фудбалер на Ф.К."Зајази"од Зајас врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 16.04.2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1. **Мирселовски Раиф со ИД 103404 фудбалер на Ф.К "Зајази" –Зајас се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени-куп натпревари.**
2. **Казната тече од 13.04.2014 година.**
3. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 23 коло на Втората лига помеѓу: Ф.К. "Зајази" (З) - Ф.К. "Тиверија" (С) одигран на ден 12.04.2014 година констатира: Мирселовски Раиф, фудбалер на ФК "Зајази" е исклучен во 78 минута од натпреварот поради недозволено спречување на противнички фудбалер во ситуација за постигнување на гол.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Зајази" (З)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **1102-1042/6**
**Прва лига : 2013 – 2014**
Скопје : **16.04.2014 година**

Врз основа на член 18 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 16.04. 2014 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Вардар" – Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

## Образложение

Комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 27 коло од Првата лига помеѓу: Ф.К. "Вардар" од Скопје - Ф.К. "Ренова" од Тетово, констатира: Петров Филип со ИД број 103883 фудбалер на ФК "Вардар", исклучен во 26 минута од натпреварот поради неспортски однос-втор жолт картон.

Доставено до :

- ФК "Вардар" – Скопје
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ

Претседател

Васко Дојчиновски с.р.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1102-1042/7**
**Скопје: 16.04.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Петров Филип фудбалер на Ф.К."Вардар"од Скопје врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 16.04.2014 година донесе:

**О Д Л У К А**

1. **Петров Филип со ИД 103883 фудбалер на Ф.К "Вардар" –Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени-куп натпревари.**
2. **Казната тече од 13.04.2014 година.**
3. **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 27 коло на Првата лига помеѓу: Ф.К. "Вардар" (С) - Ф.К. "Ренова" (Т) одигран на ден 12.04.2014 година констатира: Петров Филип, фудбалер на ФК "Вардар" е исклучен во 26 минута од натпреварот поради неспортски однос-втор жолт картон.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Вардар" (С)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број : **1102-1042/8**
**Прва лига : 2013 – 2014**
Скопје : **16.04.2014 година**

Врз основа на член 18 од Дисциплинскиот правилникот на ФФМ, Комисијата за натпревари на ФФМ на ден 16.04. 2014 година донесе :

# Одлука

1. ФК "Ренова" – Тетово се казнува со автоматска парична казна од 100 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка на ФФМ **200002504222317 Стопанска банка АД – Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави на знаење и извршување.

**Образложение**

Комисијата за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 27 коло од Првата лига помеѓу: Ф.К. "Вардар" од Скопје - Ф.К. "Ренова" од Тетово, констатира: Муслиу Висар со ИД број 100389 фудбалер на ФК "Ренова", исклучен во 1 минута од натпреварот поради недозволено спречување на противнички фудбалер во ситуација за постигнување на гол.

Доставено до :

- ФК "Ренова" – Тетово
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ.

Комисија за натпревари на ФФМ
Претседател
Васко Дојчиновски с.р.

**Фудбалска Федерација на Македонија**

**Број : 1102-1042/9**
**Скопје: 16.04.2014**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на комисијата за натпревари на ФФМ против Муслиу Висар фудбалер на Ф.К."Ренова"од Тетово врз основа на член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 16.04.2014 година донесе:

## О Д Л У К А

1 **Муслиу Висар со ИД 100389 фудбалер на Ф.К "Ренова" –Џепчиште се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени-куп натпревари.**
2 **Казната тече од 13.04.2014 година.**
3 **Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија на ФФМ постапувајки по пријавата на Комисијата за натпревари на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот на натпреварот од 27 коло на Првата лига помеѓу: Ф.К. "Вардар" (С) - Ф.К. "Ренова" (Џ) одигран на ден 12.04.2014 година констатира: Муслиу Висар, фудбалер на ФК "Ренова" е исклучен во 1 минута од натпреварот поради недозволено спречување на противнички фудбалер во ситуација за постигнување на гол.
При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за Молби и жалби на ФФМ во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12000.00 денари на жиро сметка ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

**Доставено до:**
- Ф.К. "Ренова" (Т)
- Макфудбал
- Архива

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Дисциплинска комисија
Претседател
Блерим Бесими с.р.

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број 1102-1042/10**
**Скопје,16.04.2014 година**

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија постапувајки по пријавата од Комисијата за натпревари на ФФМ, согласно на одредбите од член 125 од Дисциплинскиот Правилник на Фудбалската Федерација на Македонија, Дисциплинската комисија на Фудбалската Федерација на Македонија на ден 16.04.2014 година донесе:

# ОДЛУКА

СЕ ПОТВРДУВА Одлуката на Комисијата за натпревари на ФФМ за СУСПЕНЗИЈА на теренот на Ф.К Зајази-Зајас 1701-1038/1 од 15.04.2014 година поради физички напад на главниот судија од страна на неслужбено лице по завршување на натпреварот Ф.К Зајази-Ф.К Тиверија одигран на ден 12.04.2014 година во Кичево. Суспензијата тече од 13.04.2014 година и ќе трае до донесување на Одлука.

Се задолжува Ф.К Зајази од Зајас да пријави фудбалски терен одалечен 100 километри од Кичево,а кој терен е примен од телото за инфраструктура при ФФМ,за одигрување на натпревари во Прва и Втора МФЛ во натпреварувачката 2013-2014 година.

- Се задолжува Ф.К Зајази од Зајас- овластено лице на клубот да достави писмена изјава во рок од 3(три)дена.
- СЕ ЗАДОЛЖУВААТ сите службени лица од натпреварот да достават писмени изјави како и овластени лица од клубовите да достават писмени изјави во рок од 3(три)дена од денот на приемот .

Доставено до:
ФК Зајази-Зајас
Макфудбал
Архива на ФФМ
Делегат на натпреварот
Судиска четворка на натпреварот
Контролор на натпреварот

Дисциплинска комисија
Претседател
**Блерим Бесими, с.р.**

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
**Број 1101-942/11**
**Скопје,16.04.2014 година**

